# Ден на мајчиниот јазик

Со подршка од УНЕСКО на 21 февруари секоја година се одбележува Меѓународен ден на мајчиниот јазик со цел да се прославаат повеќе од 6000 различни јазици кои се зборуваат во светот.

Љубовта кон мајчиниот јазик е како нешто свето од нашата татковината кое треба да се чува и негува.

Мојот мајчин јазик е македонскиот јазик .Првите зборови ги научив од мојата мајка која со многу љубов и внимание ми го пренесе секој нов збор. Преку јазикот ги искажуваме нашите чувства и мисли. Мајчиниот јазик представува корени на еден народ,почетоци на неговиот културен белег и описмемување. Со секој нов изговорен збор,со секоја нова прочитана книга се отвора нов прозорец кон иднината за да не го заборавиме минатото. Тој ги обединува луѓето и неговото богатство се пренесува од една генерација на друга.

Почетоците на македонскиот јазик имаат долга историја. Уште од Св.Кирил Солунски и првата словенска азбука глаголица.Подоцна Св.Климент Охридски ја создал кирилицата и ја именувал во чест на својот учител.Тие го оставиле аманетот на своите поколенија да го чуваат и пренесуваат на своите деца како семејно наследство.

Димовски Александар 7б одделение